**Уп. бр. 08-41/2026**

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на „Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Давор Мацура, државјанин на Република Србија, XXX доставено преку Адвокатско друштво Ружојчиќ од Скопје, на седницата одржана на ден 18.03.2026 година, го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

1.Се утврдува дека концентрацијата со која Давор Мацура, XXX ќе стекне директна поединечна контрола над Акционерско друштво за осигурување ЗОИЛ Македонија, Битола, со регистрирано седиште на улица Прилепска, бр. 1/2/1, приземје – Ком.Пел. 1, Битола, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/1184/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 16.02.2026 година, а дополнето на 25.02.2026 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од страна на Давор Мацура, државјанин на Република Србија, XXX, со која Давор Мацура, ќе стекне директна поединечна контрола над Акционерско друштво за осигурување ЗОИЛ Македонија, Битола, со регистрирано седиште на улица Прилепска, бр. 1/2/1, приземје – Ком.Пел. 1, Битола, по пат на купувањето на акции.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната, и прилозите кон истите го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

**Давор Мацура** е физичко лице кое е крајниот сопственик на Алта Груп, холдинг компанија специјализирана за обезбедување услуги за плаќање која работи на српскиот пазар со најголема мрежа на места за плаќање. Тоа е матична компанија која ги обединува, меѓу другите, поврзаните компании Алта банка а.д. Белград и ПРОКООПАК д.о.о. Белград, компанија со седиште во Белград и регистрирана за изградба на станбени и нестанбени згради Главните активности на Алта Банка Белград се извршување на трансакции за плаќање во земјата и странство, кредитни операции, депозитни операции и тргување со девизи.  Другите активности вклучуваат издавање гаранции, отворање акредитиви и други банкарски операции. Единствен акционер на Алта Банка Белград е Алта Груп.

Филијалата на Алта Банка Белград, Алта Лизинг обезбедува широко портфолио на услуги за финансирање за купување патнички и лесни комерцијални возила, разна опрема и машини потребни во различни индустриски сектори, како и специјализирана земјоделска механизација и опрема.

Давор Мацура и неговите поврзани друштва се присутни во Северна Македонија преку АЛТА БАНКА А.Д. БИТОЛА се седиште на ул.Добривое Радосављевиќ бр.21 Битола.

АЛТА БАНКА А.Д. Битола е има долга историја на деловна активност и присуство во областа на финансиските услуги, вклучувајќи прибирање депозити, одобрување кредити, платен промет, електронско банкарство и други придружни банкарски активности. АЛТА БАНКА А.Д. БИТОЛА ги има следните поврзани лица кои се регистрирани во Северна Македонија;

АМЕРИКАНСКА СТОПАНСКА КОМОРА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА Стопанска Интересна Заедница, со седиште на субјектот на Максим Горки бр. 11, Скопје и со приоритетна дејност — дејности на други организации врз база на зачленување, н.д.м.;

Здружение за остварување на заеднички интереси на банките и унапредување на нивното работење МАКЕДОНСКА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА Скопје , со седиште на субјектот на Орце Николов бр. 75, Скопје и со приоритетна дејност — дејности на други организации врз база на зачленување, н.д.м. и

Друштво за трговија и услуги ПЕЛАГОНИЈА ФАЈНАНС ДОО Скопје — во ликвидација, со седиште на субјектот на Македонија бр.38, Скопје и со приоритетна дејност управувачки дејности.

**Акционерско друштво за осигурување ЗОИЛ Македонија, Битола**, нуди услуги за неживотно осигурување во Северна Македонија. Тоа врши дејност на неживотно осигурување, т.е. осигурување од несреќи, здравствено осигурување, сеопфатно осигурување на моторни возила, осигурување од одговорност итн.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2)  од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.
Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство:
Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**